*ОПШТИНА КАРПОШ*
*СЕКТОР ЗА ФИНАНСИСКИ ПРАШАЊА*

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2015

---

**ПРЕДЛАГАЧ: ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ**
**ИЗГОТВУВАЧ: СЕКТОР ЗА ФИНАНСИСКИ ПРАШАЊА**

# ПРЕДЛОГ - ПРОГРАМА
## за изградба, редовно и инвестиционо одржување и зимско оддржување на сервисни, станбени улици и локални патишта на подрачјето на Општината Карпош за 2022 година

**Скопје, декември 2021 година**

Врз основа на член 22, став 1, точка 4; и член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), член 5, член 6, став 1 и член 55, став 1, точка 5 од Законот за јавните патишта („Службен весник на Република Македонија“бр.84/08; 52/09; 114/09; 124/10; 23/11; 53/11; 44/12; 168/12; 163/13; 187/13; 39/14;

42/14; 166/14; 44/15; 116/15; 150/15; 31/16; 71/16 и 163/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.174/21), Советот на Општина Карпош, на ------- седница, одржана на --------- 2021 година, донесе

**ПРОГРАМА**
**за изградба, редовно и инвестиционо одржување и зимско оддржување на сервисни, станбени улици и локални патишта на подрачјето на Општината Карпош за 2022 година**

**Член 1**

Со оваа програма се планираат работи и утврдуваат финансиски средства за изградба, редовно и инвестиционо оддржување и зимско оддржување на сервисните, станбените улици и локалните патишта на подрачјето на Општината Карпош, одобрени од Агенцијата за државните патишта на Република Северна Македонија на Општина Карпош за 2022 година, нивната распределба во проценти и износи во денари, како и предвидените активности за реализација на истата.

**Член 2**

Одобрените финансиски средства од Агенцијата за државните патишта на Република Северна Македонија во вкупен износ од 5.238.000,00 денари, Општина Карпош ќе ги распореди на следниот начин:

А.За изградба на сервисни, станбени улици и локални патишта се предвидуваат средства во висина од 50% од вкупно одобрените средства, кои изнесуваат 2.619.000,00 денари

Б.За редовно и инвестиционо оддржување на сервисни, станбени улици и локални патишта се предвидуваат средства во висина од 30% од вкупноодобрените средства кои изнесуваат 1.571.000,00 денари,

В.За зимско оддржување се предвидуваат средства од висина од 20% од вкупно одобрените средства кои изнесуваат 1.048.000,00 денари.

**Член 3**

Со оваа програма се предвидува извршување на следните активности

-Изградба на нови улици и локални патишта;

-Реконструкција на постоечките улици и локалните патишта, зајакнување, обновување и осовременување на коловозната конструкција;

-Одржување на улиците и локалните патишта во зимски услови и

-Надзор на извршените работи .

**Член 4**

Активностите за изградба, редовно и инвестиционо одржување и зимско одржување на сервисните, станбените улици и локалните патишта на подрачјето на Општина Карпош ќе бидат утврдени од страна на Секторот за уредување на градежно земјиште и комунални работи на Општината Карпош.

**Член 5**

Динамиката на извршување на предвидените работи ќе се реализира во зависност од приливот на средствата од Агенцијата за државни патишта на Република Северна Македонија, наведени во член 2 од оваа програма.

**Член 6**

Градоначалникот на Општина Карпош ќе обезбеди извршување на оваа програма.

**Член 7**

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во ,,Службен Гласник на Општина Карпош”, а ќе се применува од 1 јануари 2022 година.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Законот за јавните патишта („Службен весник на Република Македонија“бр.84/08; 52/09; 114/09; 124/10; 23/11; 53/11; 44/12; 168/12; 163/13; 187/13; 39/14; 42/14; 166/14; 44/15; 116/15; 150/15; 31/16; 71/16 и 163/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.174/21)

**Член 5**

Планирањето, изградбата, реконструкцијата, рехабилитацијата, одржувањето и заштитата на јавните патишта се работи од јавен интерес.

**Член 6**

(1) Мрежата на јавните патишта ја сочинуваат државните патишта (автопатишта, експресните патишта, магистралните и регионалните патишта од прва и втора категорија) и општинските патишта и улиците во градовите и другите населени места.

(2) Која улица во населено место ќе се смета за дел од државен пат со нејзиниот почеток и крај, по предлог на општината, односно градот Скопје, определува Министерството за транспорт и врски.

(3) Критериумите за определување на улиците во населените места кои ќе се сметаат за дел од државен пат, како и нивното одржување ги пропишува министерот за транспорт и врски.

## VII. ФИНАНСИРАЊЕ НА ЈАВНИТЕ ПАТИШТА

### Член 55

Финансиските средства за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на јавните патишта и за работење на Јавното претпријатие се обезбедуваат од:

1) дел од акцизата од деривати од нафта;
2) надоместок за употреба на јавните патишта за моторни и приклучни возила (патна такса);
3) надоместок за употреба на јавен пат, негов дел или објект на патот (патарина);
4) надоместок за:
а) поставување натписи и рекламни табли во заштитниот појас,
б) приклучување на пристапен пат на јавен пат,
в) поставување на инсталации во трупот на патот, во патниот и заштитниот појас,
г) изградба и користење на комерцијални објекти на кои е дозволен пристап на јавен пат надвор од населено место,
д) прекумерно користење на пат,
ѓ) вонредниот превоз и
е) штета сторена на патот и објектите на патот;
5) средства од Буџетот на Република Македонија и од буџетите на општините и на градот Скопје;
6) заеми и кредити и
7) други приходи.